**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-6222/**

# З А П И С Н И К

**Од 234.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на ден 06.11.2023 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф. д-р Смилка Јанеска Саркањац-Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Заменик претседател на Програмскиот совет на МРТ,Снежана Клинчарова**(скајп)**,м-рРисте Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски**,**Селпин Керим**(скајп)**,м-р Јагнула Куновска **(скајп),**Ивана Трајковска**(скајп)** и Анита Латифи.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Јана Граматниковска-Одделение за човечки ресурси во МРТ.

Седницата започна во 14.10 часот.
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа дневниот ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 233.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување и одлучување по жалби и приговори по Интерни огласи со бр.(06/2023) и бр.(10/2023).

3. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 233.седница на Програмски совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 233.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 233.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет на МРТ едногласно **го усвои** записникот од 233.седница на Програмскиот Совет на МРТ.

**ТОЧКА2: Разгледување и одлучување по жалби и приговори по Интерни огласи со бр.(06/2023) и бр.(10/2023).**
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска даде вовед во оваа точка и посочи дека приговорите ќе се читаат секој поединечно по ред по огласите почнувајќи со огласот бр.06/2023.
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска предложи а од членовите на советот беше прифатено да се започне со разгледување и одлучување по приговорите односно жалбите поединечно:

## ЈАВЕН ОГЛАС БР.06/2023:
Од страна на Програмскиот совет на МРТ беше извршен увид врз документите по една жалба од овој јавен оглас, и отвори расправа по истата.

■По расправата **Жалбата со бр.04-5516/11 од кандидатот Бесник Шабани** беше ставена на гласање:

- ЗА гласаа: **0** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**11** члена,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Програмскиот совет на МРТ **ја одби** Жалбата со бр.04-5516/11 на кандидатот Бесник Шабани како неоснована.

## ЈАВЕН ОГЛАС БР.10/2023:
Од страна на Програмскиот совет на МРТ беше извршен увид врз документите по еден приговор од овој јавен оглас, и отвори расправа по истиот.

■По расправата **Приговорот со бр.04-5520/11 од кандидатката Севим Идриз** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **0** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**11** члена,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Програмскиот совет на МРТ **го одби** Приговорот со бр.04-5520/11 на кандидатката Севим Идриз како неоснован.

**ТОЧКА 3:Разно.**
По однос на оваа точка од дневниот ред беше разгледан допис до Програмскиот совет на МРТ:
-Одлука за избор на програмски содржини со бр.02-6090/1 од 31.10.2023 година.
-Програмски интерес за склучување договор со бр.14-6114/2 од 01.11.2023 година.

МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

По расправата по однос на оваа точка беа предложени два **Заклучоци:**
●Снежана Клинчарова по однос на барањето на Директорот на заеднички функции и администрација за произнесување на членовите по Правилникот за решавање на конфликти меѓу јавниот и приватниот интерес при емитување на авторски дела во МРТ, кажа дека во записникот од 227.седница на Програмскиот совет има дадено забелешки и дека правилникот треба да се најде на посебна седница, а забелешките и насоките кои беа дадени треба да ги инкорпорира Одделението за правни работи во МРТ, а не советот.

●Анита Латифи по однос на последниот Јавен повик за набавка на програмски содржини, побара информација кои проекти до сега се поминати односоно избрани од Комисијата за избор на програмски содржини, и за кои програмски содржини е склучен договор и на која сума.

-По спроведеното гласање Заклучоците беа едногласно **усвоени** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

Седницата заврши во 15.40 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател